# ПРЕПОРАКА

## За Христина Нунеска

ученик во паралелката III⁴ (насока: банкарски техничар)
во СОЕПТУ „Кузман Јосифоски-Питу" - Прилеп

Христина е одлична ученичка - девојка со изградена визија за сопствените желби за иднината. Прв пат ја сретнав во прва година - на самиот почеток од нејзиното средношколско образование. Помеѓу клупите, на часовите, беше забележливо дека сака да научи колку што може повеќе. Важно и беше да и бидат јасни новите знаења кои ги стекнува.

Тогаш не можев да препознаам кои се нејзините потесни области на интересирање, затоа што со еднаков интерес ги следеше и впиваше сите нови знаења и содржини. Секогаш пројавуваше посебен афинитет и наклонетост кон науката и областите за кои е потребно логичко објаснување и поврзување на информациите. Но подоцна, Христина се профилираше во ученик за економија, со вистинска страст и интерес за банкарството.

Христина е девојка со мерка и чувство за поставување на граници. Нејзиниот пристап кон новите знаења е многу природен. Добро ги издефинирала своите интереси и потреби и умее да се вложи толку колку што е потребно за да ја постигне посакуваната цел.

Таа е одговорен млад човек, еден од ретките ученици кој може да направи добра проценка на сопственото време и потребната енергија за реализирање на некоја цел. Токму тоа е еден од клучните атрибути за нејзината лична карактеристика – одговорност. Таа ги прифаќа задачите и ангажманите и целосно се вложува за да бидат реализирани.

Исто така, сакам да нагласам дека Христина се вклучуваше и во воннаставните активности, соработка и координирање хуманитарни акции и активности на соработка со Дневниот центар за лица со посебни потреби „Suница", детската градинка „Наша Иднина", основните училишта, каде го надградуваше своето знаење, вештините и стекнуваше нови пријателства изградени на темелите од взаемна добрина и соработка.

Таа се изгради во главен презентер и изготвувач на презентациите за сите училишни активности, активностите на младинската заедница, тимот за хуманитарни активности „Dream Team", и сите други организации и клубови во кои е вклучена. Често со своите активности ја заслужува лидерската позиција.

Особено бев изненадена кога ги увидов нејзините способности и афинитети на полето на уметноста и спортот. Тогаш ми беше јасно дека таа е повеќестрана личност, која освен интелектуалните способности има и манипулативни вештини, одлична координација и чувство за уметничко изразување, пренесени преку пишаните зборови, ликовните творби и спортските квалитети.

Токму таква: весела, одговорна, интелигентна, хумана, дружељубива, жедна за нови знења и способности, Христина е ученик со кој е задоволство да се работи.

Јасминка Димовска
Наставник по информатика во
СОЕПТУ „Кузман Јосифоски-Питу"
Прилеп